Врз основа на членот 3 ставот 1 алинејата 20 и членот 13 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), в.в. со членот 6 и членот 15 точката 1.5. од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година и бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, в. д. директорот на Државниот испитен центар донесе:

**ЈАВЕН КОНКУРС**
***за избор на надворешни соработници–оценувачи***

Државниот испитен центар-Скопје распишува јавен конкурс за избор на ***надворешни соработници–оценувачи на тестови од екстерниот дел на државната матура во учебната 2022/2023 година,*** по предметите:

- ***Македонски јазик и литература****;*
- ***Албански јазик и литература;***
- ***Турски јазик и литература;***
- ***Англиски јазик;***
- ***Француски јазик;***
- ***Германски јазик;***
- ***Руски јазик;***
- ***Математика (на македонски наставен јазик);***
- ***Математика (на албански наставен јазик);***
- ***Математика (на турски наставен јазик);***
- ***Естетика / Филозофија (на македонски наставен јазик);***
- ***Естетика / Филозофија (на албански наставен јазик).***

Оценувањето на тестовите ќе се врши во Скопје, во периодот од ***9.6.2023 до 27.6.2023 година.***

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставниците од соодветниот наставен предмет во средните училишта во РСМ;
- да имаат најмалку 3 години работно искуство во настава.

Кандидатите потребно е да ги достават следните документи:

- пополнета пријава (формулар поставен на следните веб-страници www.matura.gov.mk и www.dic.edu.m);
- копија од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- оригинал потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 години како наставник од соодветниот предмет издадена од средните училишта во РСМ.

Пријавите со некомплетна и невалидна документација и ненавремено доставените пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови ќе бидат повикани на обука и тестирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

Конкурсот трае до ***18.4.2023 година****.*

Пријавата со потребната документација се доставува ИСКЛУЧИВО ПО ПОШТА до Државниот испитен центар со адреса на *ул. „Васил Ѓоргов“ бб., 1000 Скопје*, со назнака з**а јавен конкурс и предметот за кој се пријавува кандидатот**.

**ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР**